Според моето мислење, проучувањето и толкувањето на археолошкиот материјал е со голем недостаток, токму поради претставувањето на човекот како обичен ловец. Тоа биле луѓе со развиена наука, уметност, писмо и вера. Еден од главните спортови бил ловот на дивеч, кој служел како дополнување на исхраната. Постојат материјални докази за изработка на ткаенини, како и докази за нивното писмо и јазик.

Според една група на експерти, мамутовиот заб (слика бр. 242) [308] претставува култен предмет, а цртежот претставува апстрактна конструкција без подлабоко значење. Според толкувањето на археологот Б. Клима, со нејзиното долгогодишно искуство, резбата на мамутовиот заб претставува мапа на одреден пејзаж со меандри на реки, планини и местото на живеење на човекот во тоа време. Претпоставка е дека истиот цртеж може да содржи и страничен изглед на истиот пејзаж.

Моето мислење е следното: Цртежот на забот од мамут е апстрактна форма за претстава на реки и планини, но и обработени ниви, Сонце, сончеви зраци, дожд, утринска роса, пирамида на Сонцето и пирамида на земјата - АР, како и духот божји Македон со сите плодови на земјата. Најзначајното толкување е тоа што мамутовиот заб претставува ремек дело, мал простор каде што е прикажана сета македонска вера на Сонцето, Космосот, сојот,ројот, родот македонски и рајот на земјата. Имаме и претстава за патот на духот божји Македон врз сончевиот зрак од земјата кон Сонцето и од Сонцето кон земјата, преку окото на Господарите - Владетели Македонци и пирамидата на Ар во усните на божјата МАДОН. Пирамидата или планината во таа област, како света планина е кондензатор на духовната енергија која пристига од Сонцето во вид на дожд, роса и дух божји Македон, складирана во подземните ходници и излегува од подножјето на планината како света вода, како орос да ги навади обработените плодни полиња – АР. Симболична претстава на сите плодови на земјата е полниот кош.




Сл. 242 Мамутов заб со изгравиран цртеж - лигатура.

[308] http://oldgeogr.muni.cz/ucebnice/kartografie/obsah.php?show=51&&jazyk=cz, пристапено на 05.05.2015.




Сл. 243 Дешифриран текст.

Сета оваа констатација произлегува од самиот цртеж како цртеж-лигатура, напишана на македонски јазик, македонски слова цутни и броеви пролетни. Транскрибирано на современ македонски јазик на цртеж-лигатурата е напишано:

(1) ИЛ УРИНАР. (2) ВО УСНИТЕ НА АР ВЛЕЗИ СО РОСА, (3) СИЈАЈ ИЛИ НАЛИ ЛИ ОД XXI-МАРТ. (4) С'БРНО АР, (5) РОДОТ НАШ. (4) С'БРНО АР, (6) ЗЕТА МАДОНИЈА, (5) РОДОТ НАШ.

Во текстот се забележува именката уринар, Богот Сонце ИЛИ, именката С'БРНО што значи собирно место за мажи (воините) околу некое дрво, која покасно ќе прерасне во топонимот Брно, името на територијата Зета Мадонија и именката род, што значи „род од ар“ или род како сој или народ македонски (ариевци – владетели, обожествени Македонци) од територијата **Зета Мадонија**. Од зборот „с'брно“ произлегол и зборот „брвно“.

Вакви слични форми, избраздени паралелни линии со прсти на влажна глина се среќаваат во пештерата Rouffignac, Зета Македонија Наниа (денешна Франција) пред 14.000 – 13.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 225. И пештерата PECH-MERLE Зета Македонија Наниа, (денешна Франција) пред 13.000 – 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 232.

На овој локалитет, покрај мамутовиот заб, е пронајдено орудие, оружје и делови од фигури. Според тие фрагменти, М. Герасимов направил реконструкција на изгледот на луѓето од таа македонска епоха. Ликовите од реконструкцијата тогаш, како и денес, научниот свет ги гледа како многу современи и нереални, замислувајќи ги жителите на таа населба како ловци на животни и собирачи на плодови, како неписмени и неуредни, насилни и диви.



Сл. 244/ а,б

# Божја роса




Сашо Ливрински – Лаврод (музика)
Бранко Сотировски (текст)
Серафина Фантауззо (соло глас)

## 71. „Јас сумројот на ИЛ“

Зета Мадонија - Македониа, Gönnersdorf, 12.600 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 245 Мапа на Зета Македониа Европа Gönnersdorf, пред 12.600 г.мак.е.пред.п.христ.

Прецизно изгравираните фигурини од историскиот период на Зета Македониа, од македонскиот народ со изминат временски период од 12.600 г.мак.е.пред.п.христ. се пронајдени и во Германија (Gönnersdorf) во 1968 год. Се смета дека се цртежи на жени во танц, и се претпоставува дека потекнуваат од крајот на ледениот период (според други научници и според моето мислење, ледениот период никогаш не постоел). Вакви слични резби-лигатури се најдени и во Франција, Чешка и Полска.



Сл. 246 Фигурините од Gönnersdorf од историскиот период на Зета Македониа.



Сл. 247 Разработка на фигурините.[309]




сл. 248 Дешифрираниот натпис.

Покрај горенаведената констатација, која не е потполна, јас мислам дека овие апстрактни форми, конкретно овој цртеж, претставува: две женски фигури во став на танц, две фигури во танц од која едната е женска, а другата машка, две фигури во љубовен допир, претстава на вулва и фалус, една фигура Мадонка во став на породување, оган - симбол на Сонцето ИЛИ, и пламените јазици - симбол на божјите сончевите зраци ИЛ, и конечно цртежот претставува лигатура напишана на македонски древно-исконски јазик и македонски слова ЦУТНИ. Каде може да се прочита: „Ј УТ Н ТАШТ СЛС УЛИ ЈАРИ МАДОНА ЈС‘М РОЈ Н ИЛ“, што транскрибирано на современ македонски јазик гласи: „ЈАС УТ НА ТАШТ. СО СВЕТЛОСТА. УЛИ ЈАРИ МАДОНА. ЈАС СУМ РОЈОТ НА ИЛ“. Оваа цртеж-лигатура недвосмислено ни ја претставува македонската вера во Бог Сонце, космичкиот рај,ројот и сојот божји.

309 http://www.hominides.com/html/references/sexe-prehistoire-paleolithique-art.php, пристапено на 05.06.2015.

**72. „Македонија со ИЛ“**

Зета Мадонија, (денешна Саксонија), неолит – македонска ера.




Сл. 249 Мапа на Зета Мадонија и фигурата[310] од таа област со македонски натпис.




- „МАКЕДОНИА СО ИЛ“

**73. „Зета Македониа ИЛИНА“**

Зета Македониа Илина - Пештера Кастро Romanelli[311] (Лаче) - (денес таканаречена Италија) пред 10.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 250 Зета Македонија Илина, полуостров Тера Слоновата Отранто, денешна Италија. Пештера Кастро Romanelli.

[310] http://lightseekinglight.blogspot.com/2005/04/neolithic-porn-or-dirty-minded.html, пристапено на 05.06.2015.

[311]http://www.antoniogarrisiopere.it/22_p01_CavalArche-----.html http://www.salentoacolory.it/archeologia-eantropologia-del-sacro/, пристапено на 05.06.2015.

Се наоѓа на полуостров, познат како Тера Слоновата Отранто, Messapia, Калабрија и Selantina. Според писмените и јазични документи, името е Зета Македониа ИЛИНА, со автохтон македонски народ 40.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 251 Дешифрирана цртеж – лигатура.

Изгравираниот бик претставува симбол на македонскиот народ за оплодувачката моќ на Бог Сонце ИЛИ – ИЛ, тоа е цртеж-лигатура.

Дешифрираниот текст е:

„МАКЕДОНИА S'ТА и ИЛИНА Н'ША и ИЛИ ТЕШТА и ТЕШТ".

Транскрибирано на современ македонски јазик гласи:

„МАКЕДОНИА ЗЕТА НАША И ИЛИНА и или ТЕШТА И ТЕШТ".

## 74. „ЛУАС АЛ'Л"

Зета Македониа ИЛИНА Val Camonica, (денес таканаречена Италија), пред 6.000 г.мак.е.п.п.х.

Валкамоника е наоѓалиште на натписи на камен, сместено во обласа Ломбардија, таму се наоѓа најголемата светска колекција на петроглифи, односно цртеж-лигатури. Таму има преку 140.000 симболи и фигури стари 6.000 г.м.е.п.п.х. за кои научниците сметаат дека прикажуваат теми поврзани со земјоделството, навигацијата, војната и магијата.[312] Од нив може да се направи социолошки и етнолошки профил на менталите-тот и обичаите на луѓето од таа македонска епоха, што би бил значаен придонес за денешната наука. Од истражувањата, значајни за историјата на Големата Зета Македониа, пишаните доку-менти на дел од овие писма на камен[313] во вид на цртеж–лигатура е и овој запис.



Сл. 252 Натписот на камен

[312] http://whc.unesco.org/en/list/94, пристапено на 05.06.2015.
[313] http://4.bp.blogspot.com/-uLcCgvZOa3Q/TV0LSPEIwZI/AAAAAAAAA6g/dm1DFOJOURA/s1600/xx+0.jpg, пристапено на 05.06.2015.




Сл. 253 Дешифрираниот натпис.




Дешифриран текст:

„С‘ СИН С‘С МАКЕДОН ИЛ Ј Л‘С‘С И С‘Л ЛУАС АЛ‘Л И ШУИ Ј‘С Т‘Л Т‘Л“

Транскрибирано на современ македонски јазик:

„ЗА СИНОТ. СО МАКЕДОН, ИЛ ЈАС СВЕТАМ И САМО ЗА ЛУАС АЛЛ И ШЕПОТАМ ЈАС ТАА ТАА.“

Во овој текст ја среќаваме личната именка Луас Ал‘л. Го среќаваме Богот ИЛ како сончев зрак и **духот** божји Македон. За љубовта на Сонцето кон божјата Мадон и својот син Господарот - Господ Македон. Видливо е и бележењето на годината како дванаесетмесечен циклус.

## 75. ЗЕТА МАКЕДОНИА „ПРОЛЕТЕН ВЕТЕР“

Територијата на северна Европа, под името Зета Македониа „Пролетен ветер“, македонската епоха на христијанизацијата 793 год., се сѐ однесува на денешните таканаречени држави: Данска, Норвешка, Шведска, Фарските Острови, Исланд, како и Кеитнес во Шкотска, Гренланд и Зета Македониа Прекуокеански Северен, Среден и Јужен ЦУТ (денешна Америка). Нивното постоење е поткрепено со пишани документи, пронајдени на овие територии со изминат временски период од 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.хрис. Документите сведочат за нивното писмо за нивната наука, уметност и вера. Со еден збор, наречените Викинзи се всушност Господарите – Владетели Македонци.

Господарите - Владетели Македонци - Викинзи, биле извонредни морепловци. Тие ги познавале сите пет континента како свои територии со илјадници години, каде што биле населени и се занимавале со земјоделство и занаетчиство. За тоа сведочат многубројните натписи на камен, теракота и др. од Африка, Азија, централна Кина и Австралија со изминат временски период од 128.000 г.м.е.п.п.х., Бломбос пред 75.000 г.м.е.п.п.х., Кина пред 3.000 г.мак.е.пред.п.хрис., покрај другото, во Зета Македониа Востаниа (источна Кина) постојат и сведоштва како цртеж-лигатури, пирамиди и пронајдени гробници на бели луѓе.

Господарите - Владетели Македонци - Викинзи биле производители на бродови, одржувајќи трговски врски низ светот. Имало повеќе видови на бродови и тоа:

**1.** долг брод, исто така познат и како **дракар**, или брод „змеј“ – се користел за војување; Drakkar (норвешки), буквално значи змеј-брод од Drage – змеј и Kar – брод;

2. **кнар** – поширок и постабилен од долгите бродови, единствен прилагоден за долги прекуокеански патувања – се користел за транспорт;

3. **карвес** – помал брод за превоз на луѓе, животни и намирници, наменет за пловидба по плитките води;

Со овие технички совршени бродови, кои имале плиток труп и се движеле на погон на едра или весла, Господарите - Владетели Македонци биле господари на светот. Честопати биле погребувани и со чамец покрај нив или со камења наредени во облик на чамец. Заедно со нив се закопувало и храна, оружје, украси, заклани животни, а можеби дури и жртвувани робови.[314] Вакви слични погребни обичаи се среќаваат секаде каде што живееле Македонците.

Следејќи ги трагите што зад себе ги оставиле Македонците - Викинзи, шведските археолози стасале до Марковите кули кај Прилеп.[315] Во Македониа проучувале делови од **Марковите кули**, кои се изградени во истиот историски период XIII – XIV-ти век македонска ера, како и некои тврдини во Скандинавија. Хипотезата е дека тогашните војници кои ја поседувале македонска култура во Скандинавија, културата во Македониа им била блиска, како еден народ, тие се инспирирале од новото Македонско царство (наречено византиско), од градителската уметност и ги пренеле идеите во нордискиот регион. Шведскиот дневен весник „Свенска дагбладет" пишува дека во една македонска тврдина во Бирка се пронајдени византиски метални пари, оружје и други предмети донесени од јужните делови на Зета Македониа Европа.

На местото каде што се наоѓаат Марковите кули кај Прилеп, како што се истакнува, била изградена тврдина уште во времето на Александар Македонски, која подоцна била доградувана во разни историски периоди од македонската ера, така што денес претставува една од најголемите тврдини во Македониа.



Сл. 254 Црква во Borgund,11 век. налик на скалеста пирамида, извор: http://www.medievalwall.com/nations/viking-mythology/



Сл. 255 Пекинг – една од кулите на забранетиот град, извор: http://www.study-in-china.org/LivingInChina/CampusLife/201262913404810327.htm



Сл. 256 Пренос на енергијата преку скалести пирамиди.

Македонците од Зета Македониа Пролетен Ветер, живеејќи со илјадници години на сите пет континенти, ја шireле македонската култура и сите нејзини цивилизациски одлики. Според македонската вера, за двете свети тројства и пренос на светата и световната енергија од Сонцето кон ѕемјата и од земјата кон Сонцето сведочат нордиските цркви налик на скалеста пирамида. Таква традиција на скалести пирамиди или храмови преземени од Македонците, се среќаваат и во Зета Македониа Востаниа (денешната територија наречена Кина, Јапонија, Виетнам и други земји).





Сл. 257 Ламја - украс на македонските бродови. Сл. 258 Ламја-украс на кинеските храмови.

[314] http://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/102000889, пристапено на 05.06.2015.
[315] http://republika.mk/?p=230943#, пристапено на 05.06.2015.

**76. „М’дон прима“**

Танум, Зета Македониа Пролетен Ветер (денешна Западна Шведска), пред 1.800 - 500 г.мак.е.пред.п.христ.



Меѓу најпознатите цртежи на карпа од Зета Македониа Пролетен Ветер, е овој цртеж таканаречен „Љубовен пар“ (сл. 259) со опашка на машката фигура[316]. Опашката, како симбол на машкиот принцип е одлика на божјиот Силен, кој се среќава во Зета Македониа Наниа.[317] Неговиот другар бил божји Сатир кој бил лукав, весел и пијан, секогаш спремен за уживање со жени, свирел на кавал, сиринга, цимбало и гајда. Претпоставка е дека машката фигура го претставува божјиот Сатир. На цртеж-лигатурата е претставена и АНА, божјото небо или самовилата АНА,[318] во облик на атмосферски појави (ветер или сончеви зраци). Кога ќе дувнат пролетните ветрови, Господарите – Владетели Македонците од Зета Македониа Пролетен Ветер тргнуваат на пат кон Зета Македониа Прекуокеански Северен ЦУТ (Северна Америка), Зета Македониа Востаниа (источна Кина) и Зета Македониа Лом на Дон (денес наречена Австралија).

Сл. 259 Цртеж на карпа, таканаречен „Љубовен пар“.

Таа пролетна појава ја носи и радосната вест за оплодување на божјата МА наречена МАДОН. Ова ни дава приказ за верата на македонскиот народ, за култот на Сонцето и божјата МАДОН и самовилата АНА. По мислењето на скандинавските научници, овој цртеж е датиран од историскиот период на Зета Македониа Пролетен Ветер, односно пред 1.000 г.мак.е.п.п.хр.




Сл. 260 Дешифриран текст. Текстот се чита од десно кон лево и од горе кон доле.

Транскрибирано на современ македонски јазик:

„ИЛ ГЛЕДА ‘АНА’ (ПРОЛЕТЕН ВЕТЕР), МАДОН ‘ЛИЈ“ (ЈА ОПЛОДУВА).

На овој цртеж се гледа чинот на оплодувањето на божјата МАДОН од божјиот зрак ИЛ, кој го носи духот божји Македон, заедно со пролетниот ветер „ПИР“ или АНА на XXI март. Божја АНА или ЈАНА, како атмосферски појави се јавува и во Зета Македониа Прекуокеански Северен ЦУТ, на островот МАНАНА во државата Маин, САД пред 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.

[316]http://commons.wikimedia.org/wiki/File:Vitlycke._5._dalle_principale,_quart_haut_gauche_(les_jeunes_mari%C3%A9s).jpg, пристапено на 06.05.2015.

[317] „Светиот Силен“ Југозападна Франција – Високи Пиринеи пред 12.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.238.

[318] Танас Вражиновски - „Македонска народна митологија“ стр. 176.

### 77. „Дух божји Македон“

Rodoy, Зета Македониа Пролетен Ветер, денес наречена Норвешка, 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 261 Првиот македонски скијач.

Дешифрираниот текст се чита од десно кон лево.

Транскрибирано на современ македонски јазик е:

„И ИЛ ЖЕЛБИТЕ МОИ, СИЈАЈ СО МЕНЕ ЛУДО! “

Првиот познат скијач (сл. 261)[319], спортист на Големата Зета Македониа Пролетен Ветер, претставен со анатомска точност, македонски слова и древно-исконски македонски јазик, всушност, претставува пристигање на божјиот дух Македон со сончевиот зрак ИЛ.

### 78. „Отецот наш“

Зета Македониа Пролетен Ветер. Артефактот се наоѓа во национален музеј, Копенхаген, (денешна Данска) пред 1.100 – 700 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 262[320] Дешифриран текст, се чита од десно кон лево

Се чита од десно кон лево:

„СИ С‘Ј ЦЕТО ЕИС JS ЛИ“. <

Транскрибирано на современ македонски јазик, би се протолкувало како:

„ИЛ ГО ГЛЕДАМ, СИЈА ОТЕЦОТ, ЈАС ИСУС“ (синот божји).

[319] http://jaypeakhistory.com/published-works/sticks-poles-a-ski-history/4500-years-ago/droppedimagec/, пристапено на 05.06.2015.

[320] http://www.allposters.com/-sp/Bronze-Age-Rock-Carving-from-Jaegersborg-Dyrehave-North-of-Copenhagen1100-700-BC-Museum-of-Posters_i9964958_.htm, пристапено на 05.06.2015.

Според научниот свет, овие цртежи се направени од народ, кој бил извонреден морепловец, но притоа не е познат ниту еден нивен натпис, не сфаќајќи дека нивните цртежи се, всушност, писма.

Безброј резби на карпи во таканаречените скандинавски земји ни укажуваат на постоењето на македонски специфичен стилски израз. Тоа се резба-лигатури. Цртежите се писмо на древен исконски македонски јазик, кое ги содржи македонските слова на ЦУТОТ (кирилица и латиница), од историскиот период на Зета Македониа. На нив може јасно да се прочитаат македонски текстови. Буквите се споени со една линија на вечноста во форма на еден пловен објект, налик на феникиски брод. Тоа се пораки на народот македонски, кој живее до ден-денес на таа територија. Тоа се цртеж-лигатурите на кои јасно се забележува познатиот култ кон Сонцето и Космосот од големата Зета Македониа.

## 79. „Поглед на Македонија“

Зета Македонија Пролетен Ветер (таканаречена Шведска) пред 1.800 – 500 г.мак.е.п.п.хр.[321]

Гравир-лигатурата јасно и недвосмислено ни го открива името на народот, кој живеел во денес наречени скандинавски земји. На лигатурата пишува: „ИЛ (сончев зрак, Бог) ТОЈ ГЛЕДА ВО МАКЕДОНИА ОД XXI-ви ДО XXI-ви“.




Сл. 263 Дешифриран текст.

- БОГ ТОЈ ГЛЕДА ВО МАКЕДОНИЈА ОД XXI-ВИ ДО XXI-ВИ.

[321] извор: http://www.panoramio.com/photo/85201890, пристапено на 05.06.2015.

## 80. „Утка лета“

Зета Македониа Пролетен Ветер, (таканаречена западна Шведска), музеј – Vitlycke пред 1.800 – 500 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 264 Цртеж-лигатура со модел на куќа, Божја Мајка.[322]



Сл. 265 Модели на фигурини – куќи.[323]




- УТКАТА ЛЕТА ИЛ ЛИЕ – ОПЛОДУВА.

Митот за УТКАТА е јасно прикажан со оваа цртеж-лигатура. Утката е поставена на квадратна форма, претставувајќи ја куќата. Таа е предвесник на смртта и раѓањето на нов живот, но се јавува и во улога на мајка, Божица МА – родилка и заштитничка на куќата.

## 81. „Лесен пораѓај“

Зета Македониа Пролетен Ветер, (Екеберг, наречена Норвешка) пред 1.800 – 500 г.м.е.п.п.х.[324]





- УС С УЈ ПЛОД И ОЈ ИЛ ОП

„УСНИ СО ЖЕЛБА (ЗА) ПЛОД

И СО БОЛКА БОЖЕ, СКОК“

Сл. 266

На оваа овековечена изгравирана порака се согледува желбата на човекот за род и здраво потомство. Карактеристичен е и ономатопејскиот израз „ОП“, со што се добива поголема сликовитост и драматичност на моментот. Тој израз го среќаваме и во натписите кај Наска линиите во Зета Македониа Прекуокеански јужен ЦУТ (денешен Перу).

[322] http://www.arild-hauge.com/arild-hauge/se-helleristning-vitlycke19.jpg, пристапено на 05.06.2015.
[323] Г. Наумов - „Орнаментика и телесноста во неолитската материјална култура од Република Македонија“ стр. 244
[324] http://www.arild-hauge.com/arild-hauge/Ekeberg%20-%20Helleristninger28.jpg, пристапено на 05.06.2015.

**82. „Пештера Триаголник“,** Зета Македониа Нанииа[325] (денешна Франција), Grotte du Triangle 18.000 - 11.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 267 Камената плоча од пештерата Триаголник со димензии 260 X 255 мм. со гравир-лигатура.




Сл. 268/1 Дешифрираниот натпис




Сл. 269 Сончев зрак ИЛ, ракета, која се спушта на земјата и мерен инструмент.

Триаголниците се како инструмент за пресметување на аглите за појавата и местото на Сонцето на хоризонтот и за одредување на четирите годишни периоди, пролетната рамноденица, летната долгоденица, есенската рамноденица и зимската краткодневица. Триаголникот како висок ја покажува положбата на замислената линија ИЛ (меридијанот) или сончевиот зрак и со помош на аголот на триаголникот се извршуваат мерења на местоположбата на изгрејсонцето, сончевиот зенит и зајдисонцето. Триаголникот поставен на земја служел и како сончев часовник. Триаголникот завртен во правец на движење од Сонцето кон земјата го симболизира **светото** тројство од Богот ИЛИ, Дон и дух божји Македон. Тој завртен во правец од земјата кон Сонцето, го симболизира **световното** тројство: сончевиот зрак ИЛ, земјата МА и божјите деца – Господарите - Владетели Македонци. И во двата случаја, името на сончевиот зрак ИЛ се наоѓа во правец на движење од страната на Сонцето или од страната на земјата, како преносител на светата и световната енергија.

[325] LA GROTTE DU TRIANGLE ET SA PLAQUETTE GRAVEE Thierry LE ROUX et Yves OLIVET стр. 4.




Сл. 270 Претпоставка за: Шематски приказ
на мерен инструмент за одредување на времето и пролетната рамноденица.




Сл. 271 Анализа на камената плоча.

Сето ова е поткрепено со текст, кој произлегува од самиот триаголник од букви како сончеви зраци и букви во облик на македонските слова цутни. Триаголникот како сончев зрак е порака на божјиот дух Македон, која гласи **„Ј осиј“** што би значело – јас како светец, јас светам, јас ве осветлив, јас ве просветлив, јас од овој момент на блесок, преку окото на Богот ИЛЕ ја оплодив божјата МАДОН со светлоста на духот и умот Македонски.

Во овој случај за прв пат се среќава името **Р‘ЗИЈА**. Во контекст на македонската вера тоа би значело. РОЗА – црвено изгрејсонце, РОЗА – РОСА или РОЗА НАРОСЕНА – оплодена. Според овој доказен материјал, територијата на северна Европа се нарекува Зета Македониа Нарозена што значи пролетна, процветана и оплодена.




Сл. 272 Дешифриран натпис.




Сл. 273 Дешифриран натпис.

| Целокупниот текст на лигатурата: | Пренесено на современ македонски јазик |
|---|---|
| 1. Ј ОСИЈ. | -ЈАС СИЈАМ, ОСВЕТЛУВАМ. |
| 2. ИЛ и ут МАКЕДОНИА ЗЕТА | -ИЛ И УТ во МАКЕДОНИА ЗЕТА. |
| 3. ЛШТ Т’Д И УИ ЛУНА ИЛИ. | -И СВЕТИ ТОГАШ СО НЕГОВАТА ОСОБИНА ВО МЕСЕЦОТ НА СОНЦЕТО. |
| 4. ОД Н‘НИА ДО Р‘ЗИЈА. | -ОД НАНИЈА ДО РУСИЈА. |

Зборовите „ЈАС СИЈАМ, ОСВЕТЛУВАМ“ се однесуваат на душата на Господарот - Господ Македонец, пристигната на Сонцето, прочистена, осветлена, просветлена, претворена во душа на СВЕТЕЦ, како дух божји Македон, качен на сончевиот зрак ИЛ се враќа во Зета Македониа Наниа да сија/ сјае, осветлува од денот XXI–ви март, во мигот на муграта, во мигот на појавата на УТОТ, кога умира зимата и се раѓа пролетта Мадон.

Гравирот на камен во облик на триаголник, се среќава на сите пет континенти. Тој претставува компјутерски чип, кој е полн со скриени пораки, кои можат да се дешифрираат само со писмо цутно и јазик македонски. Констатацијата е поради фактот, за присуство на автохтон македонски народ на таа територија со развиена писмена, јазична и културна традиција со континуитет до денес, што претставува македонска ера.

**83. „Цртежи на куќи“** Пештера Font-de Gaume – Зета Македониа Наниа (денешна Франција), 17.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Реконструкција на живеалишта,[326] со пишан текст кој посочува на важноста на семејството, куќата, благосостојбата и надежта од претстојната пролет.



Сл. 274 Реконструкција на живеалиштата.

4 СИ ИЈ ЈЛС С ИS ЛИ И <

- БОГ ГЛЕДА СО ПОДАРОК ЗА МЕНЕ, ИСУС - (НОВОРОДЕНИТЕ) 
ДЕЦА ИЛИ ЧЕТИРИ ГОДИШНИ ПЕРИОДИ.




- ИЛ ТИ И ИТ

- Бог оди и брза (кон) двајцата или двата годишни периоди во род

[326] http://www.bradshawfoundation.com/geometric_signs/tectiform.php, пристапено на 06.05.2015.






- А ПС У И ИА ИЛ - ТИ УИ ИЛ ИС А ЅИ ИУ Ј

- Спас во куќата и понатаму за луѓето со ИЛ. - И во мене „ИСУС“ оди понатаму со ИЛ. Таа гледа, исплашена.

## 84. Историски период на цивилизацијата ЗЕТА МАКЕДОНИА НАНИА, наречена „Магдаленска култура“, 15.000 – 8.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Таканаречената **„Магдаленска култура“**, е македонска култура или е дел од МАКЕДОН-СКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА. Во науката се смета за култура, наречена „доцен палеолит“, всушност, ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД НА ЗЕТА МАКЕДОНИА, култура на таканаречената племенска заедница „**ГАЛИ**“-„**ГОТИ**“, всушност, НАРОД МАКЕДОНСКИ. Зборот „готи“ е македонски збор со значење ГОЈДО или говедо. Со археолошки истражувања е осведочена на територијата на денес таканаречените држави: Франција, Шпанија, Швајцарија, северна Италија, Белгија, Холандија, Германија. Како дел од наречените Гали е и племенската заедница таканаречена Келти, всушност, НАРОД МАКЕДОНСКИ на денешната територија на Португалија, Фран-ција (Бретања), Ирска и Велика Британија, (Велс, Северна Ирска и Шкотска) во историскиот вре-менски интервал од 15.000 – 8.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Целиот концепт и основа на таканаречена Магдаленска култура е македонската цивилизација и народ во рамките на територијата **Зета Македониа Наниа** пред 18.000 - 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. Според западните научници, нивниот јазик бил сличен на јазикот на безимените луѓе од арапско потекло, населено во јужниот дел на Македонскиот Полуостров, потоа е сличен на латинскиот, словенскиот и првичниот индиски јазик.[327] Тоа значи дека денешните модерни племенски заедници и држави произлезени од Галите и Готите, нивните јазици потекнуваат од тој народ. Според европските научници, тоа е јазикот ПРАИНДОЕВРОПСКИ. Индоевропскиот јазик не е ништо друго, туку македонски јазик. Тоа е точно, затоа што врската помеѓу сите тие народи е македонскиот народ, кој се простирал преку цела Азија и Европа.

Основа на келтската и индиската митологија е словенската или македонската вера, што значи дека терминот Келти е измислен термин, кој никаде не се среќава низ спомениците на културата во период на Зета Македониа. Тој треба да се замени со терминот Македонци и **периодот на Зета Македониа Нaниа** од 15.000 – 8.000 г.мак.е.пред.п.христ. Основата на верата е Сонцето и Космосот и патот на неуништливоста на душите, која по смртта на човекот патува преку вселената кон Македониа – рајот. Тоа е народ на божјата ДАНУ (позната како божја мајка во таканаречена ирска и келтска митологија), што значи божји ден, светлина или Сонце. А, таканаречените Британци се сметале за децата на ДОН, што значи ЦУТ или пролет.

Вкупното население на Зета Македониа Наниа, фактички е македонско население во придружба на помали племенски заедници, противници на Господарите - Владетели Македонци. Тие биле неписмени со низок степен на културен развој, како нивни слуги и робови. Господарите - Владетели Македонци оставиле извонредна уметност и писмени сведоштва на предмети од коска и камен. Во артефактите преовладуваат разновидни сечила, дупчалки, стругалки од кремен. Особено се истакнуваат врежани претстави на рогови и коски, скулптури од рогови на ирвас, исконски натписи на ребра и заби од мамут, како и други претстави на пештерски ѕидови и тавани, коски и животински кожи.

[327] „Mitologija Kelta“ - Charles Squire, издадено од CID-NOVA